МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

BALKAN CIVIL SOCIETY DEVELOPMENT NETWORK

HORIZONT3000 AUSTRIAN ORGANISATION FOR DEVELOPMENT COOPERATION

# ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ЗА ГЛОБАЛЕН РАЗВОЈ

## Што е развојна помош?

Активност која има за цел експлицитно да ги поддржи националните или меѓународните развојни приоритети, не е водена од профит, не дискриминира во полза на земјите во развој, и е заснована на соработка со цел зајакнување на сопственоста врз процесите од страна на земјите во развој. Попрецизно, развојната помош треба да оствари три значајни задачи (Severino and Ray, 2009; Ocampo, 2015):

- Да ги поддржи и надополнува напорите на земјите во развој да го гарантираат обезбедувањето на универзалните социјални основни стандарди на нивните граѓани, како средство со кое луѓето можат да ги уживаат своите основни човекови права;
- Да го промовираат приближувањето на земјите во развој (особено најсиромашните меѓу нив) кон повисоко ниво на приход и благосостојба, поправајќи ги екстремните меѓународни нееднаквости; и
- Да ги поддржат напорите на земјите во развој да учествуваат активно во реализацијата на целите на јавните политики на меѓународно ниво.

## Што е помош (aid/development assistance)?

Широко дефинирано, „помош“ значи пренос на ресурси од држави-донатори на држави во развој, под повластени услови, со цел промовирање социјален и економски развој (Riddell, 2007). Сепак, за терминот се користат и други синоними, особено по обезбедувањето ресурси од членките на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД-ДАЦ), односно Официјалната развојна помош (ОДА). Во секој случај, терминот „помош“ е потесно дефиниран од развојната помош, која подразбира активности кои не вклучуваат директен трансфер на ресурси.

## Што е меѓународна соработка?

Развојната помош е дел од меѓународната соработка, но има полиња од меѓународната соработка кои не се директно поврзани со развој, како што се споделените правила за меѓународни летови или усвојувањето превентивни мерки против тероризам.

## Развојна помош на Европската Унија (ЕУ)

Развојната политика на ЕУ има за цел да ја искорени сиромаштијата во контекст на одржлив развој. Тоа е камен-темелник на односите на ЕУ со надворешниот свет – заедно со надворешната, безбедносната и трговската политика. ЕУ е водечкиот донатор во светот и обезбедува преку 50% од вкупната глобална развојна помош. Активностите на ЕУ на полето на развојот се базирани на Лисабонскиот договор и на Европскиот консензус за развој од 2005 година, кој го обврзува Советот на ЕУ, Европскиот парламент и Комисијата и земјите-членки на заедничка визија. ЕУ е особено посветена на унапредување на ефективноста на поддршката.

## Цели за одржлив развој

Милениумската декларација и Милениумските развојни цели чиј рок за реализација беше до крајот на 2015 година, значително придонесоа за покренување на јавната свест и зголемување на политичката волја и мобилизација на ресурси за борба против сиромаштијата. Позначајните постигнувања во изминативе години беа токму оние кон кои Милениумските цели беа насочени. Агендата за одржлив развој претставува продолжение на овие постигнувања. Предизвиците на Милениумските развојни цели се дел од новата рамка, а дополнително агенда претставува акцискиот план за човештвото, планетата и благосостојбата. Вкупно 17-те Цели за одржлив развој ја отсликуваат обемноста и амбициозноста на новата универзална агенда. Новите цели за одржлив развој ќе поттикнуваат здружена акција преку активности кои во текот на наредните 15 години ќе бидат од суштинска важност за човештвото и за планетата.



## Која е улогата на граѓанските организации за развојна помош?

Граѓанските организации (ГО) имаат клучна улога во меѓународниот развој. Во 2011 година, во Бусан, за време на 4. Форум на високо ниво за ефективност на помошта, ГО беа за прв пат формално препознаени во меѓународната заедница како независни актери за развојна помош кои „имаат значајна улога во овозможување луѓето да ги бараат своите права, во промовирањето пристап заснован на права, во креирањето развојни политики и партнерства, како и во следењето на нивната примена. Наедно, ГО обезбедуваат услуги во областите кои ги надополнуваат услугите кои ги врши државата за граѓаните".

Граѓанските организации на ниво на ЕУ веќе подолг период имаат значајна улога и во развојната соработка. Тие ги спроведуваат проектите за развој финансирани од ЕУ чиј износ се движи од околу 1 милијарда евра на годишно ниво, надвор од вкупната финансиска помош од Европската комисија кој е речиси 13 милијарди евра. Покрај тоа што се директни спроведувачи, ГО исто така имаат и други улоги во однос на развојните политики и програми во рамките на државите членки на ЕУ, креирањето на националните документи, соработката со засегнатите страни и чинители во процесот на спроведување и надгледување и дијалог на сите нивоа. Ваквиот пристап ги прави ГО да бидат клучни актери во развојната соработка во ЕУ.

## За што е проектот „Граѓанските организации од Западен Балкан за глобален развој"?

Во контекст на идното проширување на Европската Унија со земјите од Западен Балкан, проектот има за цел да ги зголеми капацитетите на граѓанските организации за да се вклучат во политички дијалог, застапувањето како и подигање на свеста за глобалните проблеми.

## Проектот има за цел:

- Да се зајакнат капацитетите на граѓанските организации за информирање на јавноста за глобалните развојни прашања;
- Да се подобри координацијата меѓу граѓанските организации кои се активни во глобалните развојни прашања преку создавање платформа на национално ниво (во Македонија, во Црна Гора, во Албанија и во Србија) или пак преку интеграција на развојни мерки во рамките на постоечки мрежи;
- Вклучување на ГО од Западен Балкан во политички дијалог на национално ниво и на ниво на ЕУ во политиките за развојна помош, особено во контекст на процесот на проширување на ЕУ;
- Земјите од Западен Балкан да ги интегрираат ГО од Западен Балкан во работата на европското граѓанско општество кое е активно во развојната помош, посебно во мрежата КОНКОРД, за унапредување на интеракцијата и претставување на состојбите во земјите од Западен Балкан на европско ниво.

## Активности кои ќе бидат реализирани:

- Идентификување граѓанските организации заинтересирани за застапување за развојна помош;
- Состаноци за вмрежување и јакнење на капацитетите на ГО;
- Обука за застапување за прашањето на развојна помош за ГО;
- Тркалезна маса за застапување за развојна помош;
- Подготовка на краток документ за јавни политики и длабинска студија за развојна помош;
- Подобрена комуникација и зголемена вклученост на ГО во регионот и на ниво на ЕУ.

## Носител на проектот: Хоризонт 3000

Хоризонт 3000 е најголемата организација во Австриската развојна помош, која има искуство во градење на човечките и организациските капацитети повеќе од 50 години. Хоризонт 3000 има локални канцеларии со меѓународни и локални експерти и спроведува околу 170 проекти годишно. Исто така, Хоризонт 3000, 15 години беше носител на проектот ТРИАЛОГ (www.trialog.or.at) преку кој поддржа организации од земјите кандидати и новите земји членки на ЕУ во нивниот напори во областа на развојната помош. За повеќе информации, посетете го www.horizont3000.at.

## Партнери на проектот:

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
Центар за развој на невладините организации (ЦРНВО)
Граѓански иницијативи Србија
Граѓански парламент
Институт за демократија и медијација (ИДМ)
Балканска мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН)
Хрватска платформа за граѓанска солидарност (КРОСОЛ)
Словенечка платформа за развојна соработка и хуманитарна помош (СЛОГА)
Фондација Понтис
КОНКОРД – Европска мрежа на невладини организации за развојна помош
Австриска фондација за истражување и развој (ОФСЕ)

**Македонски центар за меѓународна соработка**
ул. „Никола Парапунов", бр. 41А, п. број 55, 1060 Скопје, Македонија
Телефон: +389 2 3065 381
Факс: +389 2 3065 298
E-mail: mcms@mcms.org.mk
Веб-страница: http://www.mcms.mk
Scribd: http://www.scribd.com/mcms.mk
Slideshare: http://www.slideshare.net/mcms.mk
Twitter: http://twitter.com/mcms.mk
Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk

## Извори:

- Guide to EuropeAid funding instruments 2014 – 2020, CONCORD
- What is development cooperation? 2016 Development Cooperation Forum Policy Briefs, by Jose Antonio Alonso and Jonathan Glennie
- Western Balkan CSOs for Global Development, HORIZONT3000
- https://ec.europa.eu/europeaid/policies/european-developmentpolicy_en
- https://ec.europa.eu/europeaid/node/1368

## Период на спроведување на проектот:

од 01.12.2015 до 30.11.2017

WITH FUNDING FROM AUSTRIAN DEVELOPMENT COOPERATION
Caritas
Dreikönigsaktion Hilfswerk der Katholischen Jungschar
Katholische Frauenbewegung
Welthaus DIÖZESE GRAZ-SECKAU